


Во Зубовце започнува со произвдоство на систем за складирање енергија прва во Европа во новоотворената фирма ***Серафимоски Тек.***

Во динамичната област на технологијата за одржлива енергија, иновациите се движечката сила што нè движи кон позелена иднина. Денес, ние сме воодушевени што можеме да го насочиме вниманието на ***Серафимоски Тек***, компанија која го разви и претстави својот иновативен продукт,  а тоа е системот за складиње на енергија.

Во с. Зубовце,  е отворена една од најсовремените фабрики за обработка на метал, која се состои  од  лесерско сечење, роботско заварување и завршна обработка. Специјализирана  за производство во енергетскиот сектор, но и во телекомуникациите и транспортот.

Новоотворениот производствен центар, воедно е  сеопфатен давател на  комплетни решенија, кој нуди низа целосни решенија од  развој до производство и комплетна дигитализација на продукт.

**Па така, *Серафимоски Тек* се гордее со изработката на системот за складиње на енергија, кој е целосно развиен и подготвен за производство од македонски**

**експерти и инженери,  студенти на Професорот Иван Мицкоски, Доктор по машински науки, Машински Факултет, Скопје.**



**Сигурност во снабдувањето со електрична енергија**

Системот за складирање на енергија од ***Серафимоски Тек***, претставува важен играч во транзицијата кон производството на енергија од обновливи извори и во потрагата по сигурност и стабилноста во снабдувањето. Со искористување на обновливите извори на енергија како што се соларната и ветерната енергија, овој систем ефикасно складира вишок енергија. Системот има можност да ја враќа назад енергијата во мрежата кога е најпотребно и да го потпомогне дистрибутивниот и преносниот систем. Ова не само што ги ублажува предизвиците што ги носи зелената енергија, туку и ја подобрува доверливоста на снабдувањето со електрична енергија.

Непрекинато напојување за неприкинат процес на производство.

Во ера каде непрекинато напојување е од суштинско значење за бизнисите и за домаќинствата, системот за складирање на енергија на ***Серафимоски Тек*** нуди сигурно решение со способноста за беспрекорно интегрирање во постоечката мрежна инфраструктура.

Овој систем обезбедува резервна енергија за време на прекини на мрежата или при врвна оптовареност, притоа обезбедувајќи континуитет кај потрошувачите.



[illegible]